ЌОР - ЗБОР
**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ**



ВТОРИОТ ЧИН ОД МАКЕДОНСКАТА ДРАМА ПОЧНУВА. АПЛАУЗИТЕ НА КРАЈОТ ЌЕ БИДАТ ЗА МЕНЕ.

ЌОР - ЗБОР
**ДИМИТАР СТАНКОВСКИ**



ЧОРЕ-КОМПАЊОНОТ СЕКОГАШ БЕШЕ ПО СОВЕТИТЕ, АМА ИЗГЛЕДА ОД ОВОЈ СОВЕТ ЌЕ ДОБИЕ ПО ГЛАВА.

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Во нашиот лавиринт, преградните sидови се носечки.
- Експериментот успеа, ништо не се случи.
- Умните Македонци можат да се спасат само со луда среќа.
- Историјата ја пишуваат победниците, ставајќи крстови.
- Славата удира в глава. Знае каде е најслабата точка.

## ВИЦОТЕКА

Овие денови, арачиновец во чајџилница на Бит-пазар раскажува за славната 2001 година.

- Првиот ден ние победоносно влегуваме во Арачиново; вториот ден шкорпионите во напад нè потиснуваат; третиот ден еве ти ги КЗК и ние сме повторно во селото; четвртиот ден повторно нè потиснуваат, им доаѓа на помош Тони со лавовите; ама петтиот ден се вее двоглавниот орел на минарето.

Во чајџилицата мртва тишина, но едно време некој тивко ме прашува:

- А, што стана потоа?
- Е, потоа дојде Фровик и издаде наредба: "Раздолжувајте ги униформите и останатите реквизити и напуштете ја сцената..."!



СЛАБО ВЛЕГУВАМ ВО ЧИФТЕ АМАМ, АМА ОД НАДВОР УЖИВАМ!

**МАКЕДОН**




БРАНКА и МИРО